Арх.Бр.0302/121
17.03.2023 година

Врз основа на член 73 од Законот за вршење на сметководствени работи, Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија (Службен весник број 173 од 01.08.2022 година), на ден 17.03.2023 година објавува оглас 0302/121

# Покана за учество на отворен повик за набавка на услуги за изработка на софтверско решение за регистрација, избор и дата анализа

**Информации за повикот**
Постапка: **Отворен повик бр. 0302/121**
Тип на договор: **Договор за набавка софтверско решение**
Набавувач Институт на сметководители и овластени сметководители на РМ
Адреса: Кеј 13 ти Ноември, кула 2/8 (главна дирекција на ГТЦ)
Град: Скопје
Поштенски број: 1000
Држава: РСМ
Телефон и лице за контакт: 02 3200030
Електронска адреса: isos@isos.com.mk

Технологија на изработка:

Серверска страна: Javascript (Nest.JS)

Клиентска страна: Javascript (React JS)

Технички информации за серверот и за безбедноста кои треба да се исполнат:

1. Апликацијате е потребно да биде заштитена со Firewall кој ќе заштити од напади на истата во времето на гласање.

2. Датабазата да биде енкриптирана и да не може да се прочитаат информациите доколку се нема клуч за пристап до податоците. Клучот да биде достапен само до нарачателот на софтверот и изведувачот да нема пристап до истиот.

3. Решението да биде хостирано на Cloud, по можност на AWS.

4. Апликацијата да биде хостирана на виртуелна машина на AWS поставена во приватна мрежа за да не може да се пристапи од надвор од мрежата.

Апликацијата да биде изложена јавно (на интернет) преку Load Balancer кој ќе овозможи голем број на гласачи да гласаат во исто време (бројка од максимум 6000 конкурентни гласања).

5. Серверот да биде изложен преку Cloud Front CDN за дополнителна заштита од DDoS напад.

6. На CDN-от да биде поставено правило за геолокациска заштита при што апликацијата ќе биде достапна само од IP адреси од Македонија и истата нема да може да се пристапува надвор од Македонија.

7. Во базата на податоци да не постои запис кој ќе го поврзува лицето што гласа со одбраниот кандидат. За секое лице да има информација дали е остварено правото на глас, за да се оневозможи дупло гласање од еден гласач.

8. Резултатите од гласањето да бидат прикажани во реално време и да има можност истите да се превземат во ПДФ формат.

9. 48 часа по завршување на гласањето, апликацијата да биде стопирана и трошоците за хостирање на облак да бидат целосно изгасени.

10. Дата базата да содржи log се што е направено од почеток до крај.

**Содржина на понудата**

Понудата треба да ги содржи следниве прилози:

- информации за понудувачот
- Финансиска понуда
- Изјава (Анекс 1),

***Основи за исклучување: Како дел од понудата, понудувачите треба да достават потпишана Изјава (Анекс 1) под полна материјална и кривична одговорност, како доказ дека не се наоѓаат во ниту една од ситуациите за исклучување од постапката за набавка.***

**Услови за учество на повик**

1. Приходи над 3 М евра во последните 2 години (годишно).
2. Добавувачот да има над 50 вработени (технички лица)
3. ИСО 27001 сертификат за безбедност
4. Партнер за Cloud провајдерот (Amazon Web Services)
5. Референца на проекти со сличен карактер (број на побарувања до серверот (над 6000 во еден час) и работа со лични податоци (емаил, ИП адреса).
6. Референца на проекти со големо ниво на заштита (GDRP)
7. Меница како средство за финансиско обезбедување на договорот.

**Начин и рок на поднесување на понудата**

Понудата со уредно пополнети и потпишани прилози од страна на подносителот се доставува преку електронска пошта на следнава адреса: isos@isos.com.mk , со назнака „Понуда за софверско решение – (*име на понудувач*)“.

**Крајниот рок за достава на понудата е до (24.03.2023), петок, до 12 часот.**

Институтот на сметководители
и овластени сметководители
ВД-Претседател:

Весна Прентоска

## **АНЕКС 1: ИЗЈАВА**

Постапка: **Отворен повик бр.** 0302/121
Тип на договор: **Договор за набавка на софтверско решение**

### **ИЗЈАВА**

Јас, *<име и презиме на овластеното лице на понудувачот, фукција, назив на понудувачот (физичко / правно лице)>*, под полна материјална и кривична одговорност потврдувам дека не постојат причини за мое исклучување / исклучување на правното лице .............................. од постапката за набавка бр. ......... ............... објавена од .........................

**Набавувачот го исклучува од постапката за набавка понудувачот - правното лице:**

- на кој му е изречена правосилна судска пресуда за сторено кривично дело кое има елементи од следниве кривични дела утврдени во Кривичниот законик:
    - учество во злосторничко здружување,
    - корупција,
    - затајување даноци и придонеси,
    - тероризам или казнени дела поврзани со терористички активности,
    - перење пари и финансирање тероризам и
    - злоупотреба на детскиот труд и трговија со луѓе;
- кој има неплатени даноци, придонеси или други јавни давачки, освен ако му е одобрено одложено плаќање на даноците, придонесите или другите јавни давачки во согласност со посебните прописи и истите редовно ги плаќа;
- кој е во постапка на стечај или во постапка на ликвидација;
- на кој му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на
- одделна дејност;
- на кој му е изречена прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност;
- кој дава лажни податоци или не ги доставува податоците што ги бара набавувачот.

Со потпишување на оваа изјава, потврдувам дека *<назив на понудувачот - правно лице* не сум/ не е во ниту една од горенаведените ситуации.

| | |
|---|---|
| Име и презиме/назив на понудувачот или на овластеното лице на понудувачот: | |
| Потпис и печат (или електронски потпис): | |
| Датум: | |